**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48 став 1 точка 3 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15 и 6/16) и точка 9 од Одлуката за начинот и постапката на известување за трансакции со нерезиденти („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/14), гувернерот на Народната банка на Република Македонија донесе

# У П А Т С Т В О
## за дополнување на Упатството за начинот на непосредно известување за состојбата и промените на сметките на резидентите во странство и на евиденциските сметки за порамнување на меѓусебните побарувања и обврски со нерезиденти

1. Во Упатството за начинот на непосредно известување за состојбата и промените на сметките на резидентите во странство и на евиденциските сметки за порамнување на меѓусебните побарувања и обврски со нерезиденти („Службен весник на Република Македонија" бр. 108/14), во точка 5, по ставот 2 се додава нов став кој гласи: „По исклучок, доколку известувачот има технички ограничувања, известувањето може да се врши со доставување на образецот МИ во хартиена форма."

2. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Гувернер
Димитар Богов

У бр. 17641/2
29 мај 2017 година
Скопје